**BETAMETAZON / БЕТАМЕТАЗОН**
**(betamethasone)**

крем
маст

**Пред употребата на лекот** внимателно прочитајте го **упатството**.
- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт*
- *Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да им го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури ако нивните симптоми се исти како Вашите*

*Активна супстанца* во БЕТАМЕТАЗОН крем и маст е бетаметазон дипропионат.
1 g крем содржи 0,5 mg бетаметазон во форма на дипропионат.
*Помошни супстанци*: лаурил макроголглицериди, полиетилен гликол и етилен гликол палмитостеарат, течен парафин, пропил парахидроксибензоат, глицерин, пропилен гликол, метил парахидроксибензоат и прочистена вода.

1 g маст содржи 0,5 mg бетаметазон во форма на дипропионат.
*Помошни супстанци*: течен парафин, цетил алкохол и бел вазелин.

АТС код: D07CA01

*Пакувања:*

Туба со 20 g 0,05 % крем
Туба со 20 g 0,05 % маст

*Број и датум на решението за промет*

**Име и адреса на производителот и носител на одобрение за ставање во промет**:

АД JAKA 80-Радовиш
Производитна локација:
Првомајска б.б., Скопје
Република Македонија

Носител на одобрението за ставање во промет:
АД JAKA 80-Радовиш
Маршал Тито бр. 2, Радовиш
Република Македонија

**1. Што претставува лекот БЕТАМЕТАЗОН и за што се употребува**
Бетаметазон е кортикостероид за локална примена со изразено противвоспалително, антиалергиско, имуносупресивно и вазоконстрикторно дејство.
Дејството брзо настапува и е долготрајно и заради тоа може да се употребува кај различни облици и степени на заболувања на кожата.
Кремот е наменет за мрсна кожа и погоден за лекување на влажни дерматози, а маста е наменета за лекување на сувите дерматози.
Бетаметазон се користи кај дерматози кои реагираат на локално лекување со кортикостероиди:

- контактен, себороичен, атопичен, алергиски, иритативен, медикаментозен, фотодерматитис;
- lichen ruber planus
- псоријаза (со исклучок на псоријаза со дифузни површини);
- пруритус (каде бетаметазон се употребува како симптоматска терапија);
- некои облици на еритродермија;
- каснување од инсекти.

**2. Што треба да знаете пред да го употребите лекот БЕТАМЕТАЗОН**

**Немојте да го употребувате лекот БЕТАМЕТАЗОН:**

- ако сте алергични на бетаметазон или на некоја од помошните супстанци наведени во ова упатство;
- ако имате туберкулоза на кожа;
- ако имате вирусни инфекции на кожата (херпес, овчи сипаници);
- ако имате специфични процеси на кожата (сифилис);
- ако имате секундарна бактериска инфекција.

Препататот не смеете да го употребувате во близина на очите.

**Бидете посебно внимателни со лекот БЕТАМЕТАЗОН:**

- кога го употребувате на големи површини на телото;
- кога го употребувате долготрајно;
- кога го нанесувате под оклузивен завој;
- кога го корисitите кај деца;
- ако имате оштетена функција на бубрезите.

Ве молиме да се посоветувате со доктор и тогаш кога горенаведените укажувања се однесувале на Вас било кога во минатото.

**Бременост и доење**
*Советувајте се со Вашиот доктор или фармацевт пред да употрэбите било каков лек.*

**Влијание врз способноста за возење на автомобил или ракување со машини**
Бетаметазон кремот и маста не влијаат врз способноста за возење и управување со машини.

**Земање на други лекови (на што треба да се внимава ако употребувате други лекови)**
*Ве молиме да го информирате Вашиот доктор или фармацевт ако земате, или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.*
*Ве молиме да имате во предвид дека овие укажувања можат да се однесуваат и на оние препарати кои што сте ги земале во минатото или ќе ги земате во иднина.*

Особено е важно ако истовремено земате и системски кортикостероиди.

**3. Како да се употреби лекот**
*Строго придржувајте се кон упатствата на докторот. Дозите не смеете да ги менувате или лекувањето да го прекинувате без да се посоветувате со доктор.*

На заболеното место со благо втривање се нанесува мала количина на маст или крем 1-2 пати дневно, а во некои случаи и до 3 пати. Истата доза потребно е што поскоро да се намали на еднаш дневно.
Подолготрајната употреба потребно е да биде под контрола на лекар.

*Следете ги инструкциите освен ако Вашиот доктор не ви препорачал поинаку.*

*Не заборавајте да го употребите лекот.*

*Ако имате впечаток дека ефектот на лекот е премногу силен или премногу слаб, посоветувајте се со Вашиот доктор или фармацевт.*

**Ако сте употребиле поголема доза од лекот отколку што треба (предозирање):**
*Ако сте употребиле поголема доза од лекот отколку што треба веднаш треба да се посоветувате со Вашиот доктор или фармацевт.*

**Ако сте заборавиле да го употребите лекот БЕТАМЕТАЗОН:**
*Употребите ја пропуштената доза колку што е можно побрзо.*
*Ако е речиси дојдено времето за земање на следната доза, почекајте додека да дојде времето за истата и употребите ја, а прескокнете ја пропуштената доза.*
*Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената доза*

**4. Можни несакани дејства**
*Како и сите лекови, БЕТАМЕТАЗОН може да има несакани дејства.*

*Ако се случи било што од долунаведеното, веднаш престанете со земањето на лекот и за истото веднаш известете го Вашиот доктор или одете во ургентното одделение во најблиската болница:*

- Отекување на лице, усни или грло што може да предизвика тешкотии при голтањето или дишењето;
- исип/ егзантема, уртикарија.

Сите овие се многу сериозни несакани дејства. Ако се појават кај Вас, тоа покажува многу сериозна алергиска реакција на лекот. Во таков случај Ви е потребна итна медицинска помош или хоспитализација.

Сите овие многу сериозни несакани дејства се многу ретки.

*Ако забележите некои од следниве симптоми, веднаш известете го вашиот доктор:*

- заостанување во растот,
- намалена толеранција кон јаглени хидрати,
- воспаление на фоликулите на влакната (фоликулитис),
- инфекции кои се јавуваат за време или после лекување на друга веќе постоечка инфекција (секундарни инфекции),
- стрии,
- атрофија на кожата.

При долготрајна употреба или при употреба на поголема површина постои можност од појава на хипофизно-адренална супресија и Cushing-ов синдром.

Сите овие се сериозни несакани дејства, за кои е потребна итна медицинска помош.

Сериозните несакани дејства се ретки.

*Известете го Вашиот доктор ако забележите:*

- јадеж,
- исип,
- иритација,
- прекумерен раст на влакна,
- сува кожа,
- намалена пигментација.

Сите овие се слаби несакани дејства.

*Ако забележите било какви несакани дејства кои не се споменати во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот доктор или фармацевт.*

**5. Чување на лекот**

**Да се чува на температура до 25° C, заштитено од светлина.**

**ЛЕКОТ ЧУВАЈТЕ ГО НА МЕСТА НЕДОСТАПНИ ЗА ДЕЦА!**

**Рок на употреба**

*Лекот не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на кутијата и на тубата.*

**Начин на издавање на лекот**

Лекот се издава само со лекарски рецепт.

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**

*Внатрешното упатство е одобрено на* ______________

Скопје, март, 2009 г.